MODERNIZING INSPECTION AUTHORITIES PROJECT

ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

# ПРЕДЛОГ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И ОПТИМИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

**Подготвено од**
Центар за развојни политики
**ИДЕАС ДеПо**
Скопје

**октомври, 2018**

IDEAS DePo
IDEAS for Development Policies

# ПРОЕКТ ЗА МОДЕРНИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

## ПРЕДЛОГ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И ОПТИМИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

Подготвено за Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД)

УСАИД Договор број: AID 165-A-16-00004

Проект за модернизација на инспекциските служби (МИА)

Имплементиран од:
Центар за развојни политики ИДЕАС ДеПо Скопје, 1000, Скопје, Македонија

**Подготвено од:**

**Маргарита Иванова, надворешен консултант**

**Дарко Јаневски, Советник на Проектот на УСАИД за Модернизација на инспекциските служби**

**Софија Затараковска, Проектен асистент на Проектот на УСАИД за Модернизација на инспекциските служби**

**Прегледано и одобрено од:**

**Александар Шахов, Директор на Проектот на УСАИД за Модернизација на инспекциските служби**
**Воислав Илиевски, Советник на Проектот на УСАИД за Модернизација на инспекциските служби**

**ИЗЈАВА ЗА ОДГОВОРНОСТ**

Оваа публикација е подготвена при имплементација на Проектот на УСАИД за Модернизација на инспекциските служби за потребите на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Ставовите на авторите искажани во оваа публикација не ги одразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) или Владата на САД.

# СОДРЖИНА

Листа на кратенки ........ 6
I. Резиме ........ 8
II. Вовед ........ 11
II.1. Субјекти кои ја изработија анализата и предлогот ........ 11
II.2. Причини за спроведување на хоризонтална функционална анализа и усогласеност со други анализи ........ 11
II.3. Цели на анализата ........ 13
III. Краток приказ на сегашната состојба на инспекцискиот систем ........ 14
III.1. Правна рамка за организација и работа на инспекциските служби ........ 14
III.2. Институционална поставеност на инспекциските служби ........ 14
IV. Пристап ........ 18
V. Начела на кои се заснова предлогот за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби ........ 20
VI. Преглед на инспекциските надзори според области ........ 23
VII. Предлог за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби ........ 32
ДПИ ........ 32
ДИТИ ........ 32
ДЗРННД ........ 32
АСР ........ 33
БМ ........ 33
УНП ........ 33
ДДИ ........ 34
УЈП ........ 36
ЦУРМ ........ 36
ДИТ ........ 36
МТСП ........ 37
ДИЖС ........ 37
ДКИ ........ 37
ДИТранспорт ........ 38
УСЖС ........ 38
КП ........ 39
МТВ ........ 40

ДИГУ......41
АКН......41
ДСЗИ......41
МАЛМЕД......42
МЗ......43
ДРС......43
ФЗОМ......43
АХВ......44
ДИЗ......44
ДИШЛ......45
ДУИ......45
ДИЛС......46
ДА......47
МИОА......47
ДИП......48
АМС......48
МК......49
УЗКН......49
ДЗС......51
ЦУК......51
МО......51
ДБКИ......52
МВР......52
ДЗЛП......53
АЦВ......54
АЕК......55
АП......56
АААМУ......56
НБРМ......56
АСО......57
МАПАС......57
КХВ......58
РКЕ......58

VIII. Сумиран табеларан и графички приказ на предлогот за оптимизација на инспекциски служби ....59

*I. Инспекциски служби за кои се предлага да го задржат статусот и/или да им се придодадат други сродни инспекциски служби* ....59

*II. Инспекциски служби за кои се предлага надлежноста за вршење надзор и инспекторите да се пренесат / придодадат во други инспекторати* ....60

*III. Инспекциски служби за кои се предлага укинување и пренос на надлежноста и инспекторите во (припојување кон) други инспекторати* ....61

*IV. Инспекциски служби за кои се предлага пренос на надлежноста и инспекторите во новоформиран инспекторат* ....61

*V. Графички приказ на предлогот за оптимизиција на инспекциски служби по ресорни министерства* ....62

Прилог 1: Листа на сите општи и посебни закони од значење за поставеноста на инспекциските служби и вршењето на инспекцискиот надзор ....68

## Листа на кратенки

| Кратенка | Полн назив |
|---|---|
| АААМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АЕК | Агенција за електронски комуникации |
| АЕРМ | Агенција за енергетика на Република Македонија |
| АЗР | Агенција за задолжителни резерви |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| АМС | Агенција за млади и спорт |
| АП | Агенција за пошти |
| АСО | Агенција за супервизија на осигурување |
| АСР | Агенција за стоковни резерви |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| АХВ | Агенција за храна и ветеринарство |
| АЦВ | Агенција за цивилно воздухопловство |
| БМ | Биро за метрологија |
| БРО | Биро за развој на образование |
| ДА | Државен архив на Република Македонија |
| ДБКИ | Дирекција за безбедност на класифицирани информации |
| ДДИ | Државен девизен инспекторат |
| ДЗЛП | Дирекција за заштита на лични податоци |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДЗРННД | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати |
| ДЗС | Дирекција за заштита и спасување |
| ДИГУ | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам |
| ДИЖС | Државен инспекторат за животна средина |
| ДИЗ | Државен инспекторат за земјоделство |
| ДИЛС | Државен инспекторат за локална самоуправа |
| ДИП | Државен инспекторат за просвета |
| ДИТ | Државен инспекторат за труд |
| ДИТИ | Државен инспекторат за техничка инспекција |
| ДКИ | Државен комунален инспекторат |
| ДПИ | Државен пазарен инспекторат |
| ДРС | Дирекција за радијациона сигурност |
| ДСЗИ | Државен санитатен и здравствен инспекторат |
| ДТИ | Државен инспекторат за транспорт |
| ДУИ | Државен управен инспекторат |
| ЗИН | Закон за инспекциски надзор |
| ЗОРОДУ | Закон за организација и работа на органите на државната управа |
| ЗОУП | Закон за општата управна постапка |
| ЗП | Закон за прекршоци |
| КП | Капетанија на пристаништата |
| КХВ | Комисија за хартии од вредност |
| ИС | Инспекциски совет |
| МАЛМЕД | Агенција за лекови и медицински средства |

| | |
|---|---|
| МАПАС | Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МК | Министерство за култура |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |
| НБРМ | Народна банка на Република Македонија |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги |
| УЗКН | Управа за заштита на културно наследство |
| УНП | Управа за наменско производство |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| УСЖС | Управа за сигурност во железничкиот систем |
| ФЗОМ | Фонд за здравствено осигурување |
| ЦУК | Центар за управување со кризи |
| ЦУРМ | Царинска управа на Република Македонија |

# I. Резиме

Предлогот за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби е изработен во рамките на проектот „Модернизација на инспекциските служби“ финансиран од Американската агенција за меѓународен развој - УСАИД и имплементиран од Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо. На овој документ работеше тим од домашни експерти во период март – октомври 2018 година, со голема помош на институциите со кои проектот тесно соработува.

Оваа активност е во целост усогласена со процесот на реформа во инспекцискиот систем и инспекциските служби, кој произлегува од целите на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година, зацртани во приоритетната област „Одговорност, отчетност и транспарентност“. Истовремено, конкретните предлози во овој документ се во целост усогласени и со „Извештајот за резултатите од мапирањето на институциите од јавниот сектор, функционална анализа и препораки за започнување на процесот на РЈА“ изработен од УНДП во рамките на проектот „Помош на Министерство за информатичко општество и администрација во функционалните реформи“.

Анализата и предлогот се надоврзуваат на претходно спроведените анализи во рамките на проектот: „Преглед и анализа на законската регулатива во однос на системот на инспекциски надзор во Република Македонија: Констатации и препораки за нејзино усовршување“ од мај 2017 година и „Функционална анализа на инспекциските служби во Република Македонија“ од февруари 2018 година. Меѓу главните констатации и препораки во првата анализа се:

1. инспекциските органи и служби треба да бидат пропишани исклучиво со Законот за организација и работа на органите на државната управа, при што ќе се отстрани можноста за формирање на инспекциски органи со посебни/материјални закони, и
2. сите инспекторати треба да имаат или статус на самостојни органи надвор од министерствата или статус на органи во состав на министерствата со точни ингеренции на ресорните министри врз нивната работа.

Втората анализа ги потврдува и проширува наодите од првата во насока на идентификување на инспекциските служби кои имаат недоволни капацитети (човечки и материјални ресурси) и посочување на оние области на надзор каде бројот на извршени надзори е мал.

Овој документ ја анализира сегашната состојба на инспекциските служби во Република Македонија во однос на нивниот статус, надлежности и фактичка состојба во поглед на извршените надзори, материјалните и човечките ресурси. Врз основа на наодите и најдобрите практики, во овој документ се дадени конкретни предлози за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби.

Анализата покажа дека во моментов вршењето инспекциски надзор на централно ниво е фрагментирано, сложено и неконзистентно, што доведува до неунифицирно остварување на функцијата. Инспекциските служби се организирани по области. Дел од нив се организирани како органи во состав на министерствата, а дел како организациски единици во рамки на министерствата, другите органи на државната управа или државни органи. За потребите на оваа анализа, разгледани се вкупно 41 инспекциска служба (остваруваат контролно-надзорна функција), од кои 28 се дел од системот кој го координира Инспекцискиот совет. Исто така, разгледани се и 10 регулаторни тела, чија примарна функција е регулација на областа, но имаат и контролна функција во вид на надзор, контрола, супервизија и слично.

Клучен принцип на кој се заснова предлогот е раздвојување на функцијата на креирање политики и регулаторната функција, од една страна, од контролно-надзорната функција, од друга страна. Имено, органот кој креира политики и прописи и/или издава одобренија, дозволи, лиценци и слично (главен аспект на регулаторната функција), не треба да врши и инспекциски надзор, односно да има надзорна функција. Други сродни начела врз основа на кои се изработени конкретните предлози се:

1. „Едно министерство - еден инспекторат“ што значи поврзување на неколкуте инспекциски служби кои имаат статус на органи во состав на исто министерство
2. Издвојување на инспекциските служби со статус на организациски единици од рамките на министерствата или другите органи на управа
3. Укинување на дел од инспекторатите со недоволен капацитет и пренос на функцијата кон друг сроден инспекторат
4. Окрупнување на инспекциските служби (спојување, припојување) во случаи кога постои сродност, комплементарност или преклопување на надлежности

Освен ако конкретниот предлог не е задржување на статусот на инспекциската служба, во секој друг случај статусот на инспекциската служба ќе се промени преку некоја од следните форми:

- Присоединување (припојување) на институцијата/функцијата – кога една или повеќе инспекциски служби се присоединуваат кон друга постоечка инспекциска служба (служба што ги презема), со пренос на целокупниот имот;

- Спојување на институции/функции – кога две или повеќе инспекциски служби се спојуваат во една нова инспекциска служба во којашто преминува целокупниот имот на инспекциските служби;
- Укинување на институцијата/функцијата со пренос на надлежноста во друга институција;
- Формирање нова институција – во исклучителни случаи каде што функцијата се извршува дисперзирано од страна на организациски единици во рамки на повеќе институции.

Приказот на наодите и предлозите е даден табеларно. Првата табела дава приказ на инспекцискиот надзор според области. Во втората табела наодите дадени во првата табела се надополнети со конкретни предлози за статусот на секоја инспекциска служба, со наведување на причините и условите за реализација на предлогот.

Доколку дојде до реализација на предлогот, во инспекцискиот систем под координација на Инспекциски совет би имало вкупно 12 инспекциски служби (11 државни инспекторати и една агенција), наместо досегашните 28 инспекциски служби. Во рамките на овие инспекциски служби би влегле и надлежностите за вршење надзор и на неколку органи кои не се влезени во сегашниот систем координиран од Инспекциски совет. За реализација на предлогот ќе биде неопходно да се измени и дополни Законот за организација и работа на органите на државната управа, кој како системски закон се носи со 2/3 мнозинство, како и на околу 70 други закони. Членовите од Законот за организација и работа на органите на државната управа кои треба да се изменат или дополнат се посочени во овој предлог, додека точниот обем и членови кои ќе се променат во другите закони или ќе биде потребно да се изработат нови закони ќе биде определено во Акцискиот план за имплементација на предлогот, кој ќе биде изработен штом предлогот за реорганизација биде прифатен од највисоко политичко ниво. Целосното (фазно) спроведување на предлогот за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби ќе го реши проблемот со преклопување на нивните надлежности и ќе придонесе за зголемување на ефикасноста во нивното работење, како и за зголемување на правната сигурност на субјектите на инспекциски надзор.

# II. Вовед

## II.1. Субјекти кои ја изработија анализата и предлогот

Хоризонталната функционална анализа и предлогот за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби се изработени во рамките на **проектот „Модернизација на инспекциските служби“** финансиран од Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) и имплементиран од Центарот за развојни политики ИДЕАС ДеПо. На овој документ работеше тим од домашни експерти вработени во или ангажирани од ИДЕАС ДеПо. Активноста се спроведе **во период март – октомври 2018 година**. Притоа, голема помош во вид на влезни и повратни информации дадоа институциите со кои проектот тесно соработува и кои се воедно и крајни корисници на овој документ – Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и Инспекцискиот совет (ИС).

## II.2. Причини за спроведување на хоризонтална функционална анализа и усогласеност со други анализи

Процесот на реформа во инспекцискиот систем и инспекциските служби произлегува од целите на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018 – 2022 година, зацртани во приоритетната област „Одговорност, отчетност и транспарентност“ (СРЈА). Имено, клучната и најрелевантна посебна цел во оваа област е: „Развиена кохерентна институционална поставеност на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт со јасно утврдени структури на отчетност“, со чие исполнување ќе се обезбедат структури со јасна отчетност и без преклопување на надлежности што ќе придонесе кон ефикасност во работењето, јасно распределени надлежности, координација, управување, како и квалитетно давање на услуги.

За остварување на оваа цел, предвидена е акциската мерка М 3.1.2. – „Реорганизација/оптимизација на органите на државна управа, агенциите и инспекциските служби од централната власт“. Спроведувањето на оваа мерка предвидува повеќе активности, вклучувајќи ги:

- А 3.1.2.1. “... спроведување на хоризонтална функционална анализа на ниво на органи на државната управа, агенции и инспекциски служби од централна власт заради темелно анализирање на сеопфатното опкружување кое ја дефинира организациската

поставеност и распределбата на функции помеѓу органите (законската рамка, надлежностите, функциите, линиите на отчетност, управување, координацијата и др.) и

**-** А 3.1.2.4 „ Спроведување на реорганизација на органите на државната управа, агенции и инспекциски служби од централна власт“.

**Овој документ претставува спроведување на активноста А 3.1.2.1, односно хоризонтална функционална анализа на инспекциските служби на централната власт,** кои во моментот се фрагментирани, сложени, нејасни и предмет на чести измени и дополнувања, што доведува до неконзистентно остварување на функциите. Реформите во инспекциската сфера опфаќаат интервенции од законодавно – правен, оперативно - управувачки и технички аспект, како и подобрување на управувањето со човечките ресурси и развој на вештини.

**Конкретните предлози во овој документ се во целост усогласени и со „Извештајот за резултатите од мапирањето на институциите од јавниот сектор, функционална анализа и препораки за започнување на процесот на РЈА“** изработен од УНДП во рамките на проектот за Помош на МИОА во функционалните реформи. Во таа смисла, следен е принципот на формирање на тип на институција според функција, односно:

- Функција на креирање политики – само министерство е надлежно за креирање на политики и евалуација,
- Спроведување на политиките – сите институции кои имаа надлежност да ги спроведуваат политиките да се нарекуваат агенции,
- Контролна и надзорна функција – сите институции кои имаа контролна и надзорна функција да се нарекуваат инспекторати.

Анализата и предлогот се надоврзуваат на претходно спроведените анализи во рамките на проектот: **„Преглед и анализа на законската регулатива во однос на системот на инспекциски надзор во Република Македонија: Констатации и препораки за нејзино усовршување“ од мај 2017 година и „Функционална анализа на инспекциските служби во Република Македонија“ од февруари 2018 година**. Примарна цел на првата анализа беше да се нотираат недоследностите во инспекцискиот систем, а воедно и да понуди повеќе опции за нивно надминување. Анализата ги опфати следните четири главни, системски правни акти кои регулираат различни аспекти од системот на инспекциски надзор:

1. Закон за организација и работа на органите на државната управа (ЗОРОДУ),
2. Закон за инспекциски надзор (ЗИН),
3. Закон за прекршоците (ЗП) и
4. Закон за општата управна постапка (ЗОУП).

Од аспект на дадениот предлог во овој документ, најзначајни констатации и препораки од оваа анализа се:

- инспекциските органи и служби треба да бидат пропишани исклучиво со Законот за организација и работа на органите на државната управа, при што ќе се отстрани можноста за формирање на инспекциски органи со посебни/материјални закони, и
- сите инспекторати треба да имаат или статус на самостојни органи надвор од министерствата или статус на органи во состав на министерствата со точни ингеренции на ресорните министри врз нивната работа.

Втората анализа ги потврдува и проширува наодите од првата во насока на идентификување на инспекциските служби кои имаат недоволни капацитети (човечки и материјални ресурси) и посочување на оние области на надзор каде бројот на извршени надзори е мал.

## II.3. Цели на анализата

Реорганизацијата и оптимизацијата на инспекциските служби треба да овозможи постигнување на следните цели:

- Унапредување на ефикасноста и ефективноста во спроведувањето на инспекцискиот надзор;
- Подобрување на организациската поставеност на инспекцискиот надзор;
- Подобро искористување на човечките, финансиските и управувачките ресурси; и
- Унифицираност при примената на прописите.

При изготвување на овој Предлог, беа анализирани повеќе аспекти кои се однесуваат на инспекцискиот систем во државата, како што се правното уредување, организациската поставеност, надлежностите, човечките ресурси и техничките капацитети.

# III. Краток приказ на сегашната состојба на инспекцискиот систем

## III.1. Правна рамка за организација и работа на инспекциските служби

Поставеноста на инспекциските служби и вршењето на инспекцискиот надзор се уредени со бројни закони и подзаконски акти. Во зависност од карактерот, односно содржината и видот на законот, може да се поделат на:

***1. Општи закони*** кои регулираат некои општи прашања од значење за поставеноста и работата на инспекциските служби, како што се: ЗОРОДУ, ЗИН, ЗОУП, ЗАС, ЗВЈС и Закон за прекршоци;

***2. Посебни закони*** кои подетално ги уредуваат организирањето и функционирањето на одредени инспекциски служби и/или надзорот во конкретната област, како што се: Закон за управна инспекција (ЗУП), Закон за техничка инспекција (ЗТИ), Закон за просветната инспекција (ЗПИ), ЗРО, Закон за безбедност на производи (ЗБП), Закон за животната средина (ЗЖС) и други.

Во Прилог 1 на овој документ дадена е листата на сите општи и посебни закони од значење за поставеноста на инспекциските служби и вршењето на инспекцискиот надзор.

## III.2. Институционална поставеност на инспекциските служби

Инспекциските служби се организирани по области. Дел од нив се организирани како органи во состав на министерствата, а дел како организациски единици во рамки на министерствата, другите органи на државната управа или државни органи. Поконкретно, за потребите на оваа анализа, разгледани се вкупно 37 инспекциски служби, од кои 28 се дел од системот кој го координира Инспекцискиот совет, како што е прикажано во следните табели.

*Инспекциски служби кои се дел од системот кој го координира Инспекцискиот совет*

| ИНСПЕКТОРАТИ | | ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ | |
|---|---|---|---|
| 1 | Државен пазарен инспекторат - ДПИ | 1 | Агенција за храна и ветеринарство - Сектор за инспекциски надзор - АХВ |
| 2 | Државен инспекторат за техничка инспекција - ДИТИ | 2 | Дирекција за заштита и спасување - Сектор за генерален инспектор - ДЗС |
| 3 | Државен инспекторат за труд - ДИТ | 3 | Дирекција за радијациона сигурност - Одделение за инспекциски надзор -ДРС |

| ИНСПЕКТОРАТИ | | ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ | |
|---|---|---|---|
| 4 | Државен девизен инспекторат -ДДИ | 4 | Управа за заштита на културно наследство - Одделение за инспекциски надзор – УЗКН |
| 5 | Државен инспекторат за животна средина - ДИЖС | 5 | Управа за сигурност во железничкиот сообраќај - УСЖС |
| 6 | Државен санитарен и здравствен инспекторат - ДСЗИ | 6 | Центар за управување со кризи - Одделение за инспекциски надзор - ЦУК |
| 7 | Државен инспекторат за земјоделство - ДИЗ | 7 | Министерство за труд и социјална политика - Сектор за инспекциски надзор во социјалната заштита - МТСП |
| 8 | Државен инспекторат за шумарство и ловство - ДИШЛ | 8 | Агенција за лекови и медицински средства - Одделение за инспекциски надзор - МАЛМЕД |
| 9 | Државен инспекторат за транспорт - ДИТр | 9 | Дирекција за безбедност на класифицирани информации - Одделение за инспекциски надзор - ДБКИ |
| 10 | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам - ДИГУ | 10 | Агенција за млади и спорт - Сектор за инспекциски надзор - АМС |
| 11 | Државен комунален инспекторат - ДКИ | 11 | Министерство за транспорт и врски - Капетанија на пристаништа Охрид – КП |
| 12 | Државен просветен инспекторат - ДИП | 12 | Министерство за култура - Сектор за управен и инспекциски надзор - МК |
| 13 | Државен управен инспекторат - ДУИ | 13 | Министерство за здравство - Сектор за хемикалии - МЗ |
| 14 | Државен инспекторат за локална самоуправа - ДИЛС | 14 | Државен архив на Република Македонија - Одделение за инспекциски надзор - ДА |

Бројот на вработени инспектори во 28 инспекциски служби над кои ингеренции има Инспекцискиот совет изнесува 977 лица (пресек од 31 декември 2017 година – извор: ИС – Збирен преглед на човечки ресурси). Претпоставка е дека во меѓувреме оваа бројка не е многу изменета и дека можната измена би изнесувала до 2% од вкупниот број.

*Инспекциски служби надвор од системот кој го координира Инспекцискиот совет*

| ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ | |
|---|---|
| **1.** | Министерство за транспорт и врски – МТВ |
| **2.** | Министерство за економија – Управа за наменско производство – УНП |
| **3.** | Министерство за економија – Биро за метрологија – БМ |
| **4.** | Министерство за одбрана – МО |
| **5.** | Министерство за финансии – МФ |
| **6.** | Министерство за финансии – Управа за јавни приходи - УЈП |
| **7.** | Министерство за финансии – Царинска управа – ЦУРМ |
| **8.** | Министерство за информатичко општество и администрација - МИОА |
| **9.** | Министерство за внатрешни работи – МВР |
| **10.** | Агенција за стоковни резерви – АСР |
| **11.** | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати - ДЗРННД |
| **12.** | Агенција за катастар на недвижности - АКН |
| **13.** | Дирекција за заштита на личните податоци – ДЗЛП |
| **14.** | Агенција за цивилно воздухопловство – АЦВ |
| **15.** | Агенција за електронски комуникации – АЕК |
| **16.** | Агенција за пошти - АП |
| **17.** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - АААМУ |
| **18.** | Народна банка – НБРМ |
| **19.** | Агенција за супервизија на осигурување – АСО |

| | |
|---|---|
| **20.** | Агенција за  супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС |
| **21.** | Комисија за хартии од вредност – КХВ |
| **22.** | Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги - РКЕ |
| **23.** | Фонд за здравствено осигурување – ФЗОМ |

# IV. Пристап

Клучниот принцип во овој пристап е принципот на раздвојување на функцијата на креирање политики и регулаторната функција, од една страна, од контролно-надзорната функција, од друга страна. Имено, органот кој креира политики и прописи и/или издава одобренија, дозволи, лиценци и слично (главен аспект на регулаторната функција), не треба да врши и инспекциски надзор односно надзорна функција.

Друг важен принцип е и одбегнување на преклопувањето на надлежности на инспекциските служби. Имено, наодите укажуваат дека во одреден дел постојат преклопувања на надлежностите, а во случаите кога инспекциските служби се организирани како организациска единица во рамки на министерство или друг орган на управата, инспекторите често вршат и други работи и работни задачи кои не се во нивниот основен делокруг на работење.

Конечно, при определување на пристапот, клучно влијание имаат следните фактори:

- Технички и оперативни ресурси – засновани на расположивиот човечки капитал и опрема
- Испорачани резултати – засновани на надлежностите
- Области – засновани на секторите/ресорите во кои делуваат
- Економичност – намалување на јавната потрошувачка, во контекст на буџетската реформа и намалување на бројот на буџетски корисници.

Реорганизацијата и оптимизацијата на инспекцискиот систем, односно на надлежностите и функциите на органите, ќе се спроведува преку примена на некоја од следните опции:

- **Задржување на статусот** на институцијата/функцијата;
- **Присоединување (припојување)** на институцијата/функцијата – кога една или повеќе инспекциски служби се присоединуваат кон друга постоечка инспекциска служба (служба што ги презема), со пренос на целокупниот имот;
- **Спојување** на институции/функции – кога две или повеќе инспекциски служби се спојуваат во една нова инспекциска служба во којашто преминува целокупниот имот на инспекциските служби;
- **Укинување** на институцијата/функцијата со пренос на надлежноста во друга институција;
- **Формирање нова институција** – во исклучителни случаи каде што функцијата се извршува дисперзирано од страна на организациски единици во рамки на повеќе институции.

Целосното (фазно) спроведување на предлогот за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби ќе го реши проблемот со преклопување на нивните надлежности и ќе придонесе за зголемување на ефикасноста во нивното работењето, како и за зголемување на правната сигурност на субјектите на инспекциски надзор. Реорганизацијата и оптимизацијата на инспекциските служби овозможува остварување на повеќекратни придобивки, вклучувајќи ги следните:

- Подобрена ефикасност и конзистентност преку воспоставување на една „точка на контакт“ по област;
- Подобрена размена на информации преку воспоставување на отворени комуникациски канали и единствен централен ИТ систем, кој обезбедува детали за ризиците и за системите;
- Подобрена отчетност и зајакнат интегритет на инспекциските служби од централната власт преку воспоставување на ефективни и ефикасни механизми;
- Подобрена координација на инспекциските активности и стандардизирани повратни информации;
- Зголемување на правната сигурност на субјектите на инспекцискиот надзор

## V. Начела на кои се заснова предлогот за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби

Дадениот предлог за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби поаѓа од **принципот дека инспекцискиот надзор може и треба да го врши само орган во форма на државен инспекторат**. Тоа би значело дека досегашната пракса на организирање на инспекциски служби во рамките на други органи на државната управа (независно од нивната самостојност), би требало да се напушти. На тој начин, ќе се обезбеди ефективно и ефикасно спроведување на регулаторната и инспекциската (надзорната) функција и ќе доведе до постигнување на подобри резултати, особено во однос на усогласеноста и квалитетот.

Конкретните предлози за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби се засноваат на едно или повеќе од следните начела:

1. **„Едно министерство - еден инспекторат“ што значи поврзување на неколкуте инспекциски служби кои имаат статус на органи во состав на исто министерство**

Согласно ЗОРОДУ секое министерство покрива еден или повеќе ресори, при што ресорите интерно се организирани во различни организациски единици. Ова не е случај и со инспекциските служби, каде што има повеќе случаи на неколку инспекторатикои работат како органи во состав на исто министерство. Како што министерството може да покрива повеќе ресори, така и преку еден единствен инспекторат би се покривале сите области/ресори за кои е надлежно министерството во чиј состав е инспекторатот. Притоа, во рамките на инспекторатот може да се формираат неколку различни организациски единици за вршење инспекциски надзор во различните ресори.

Примери за такви инспекциски служби кои се формирани како органи во состав на исто министерство и кои би можеле да се поврзат во еден инспекторат се: ДПИ и ДИТИ како органи во состав на МЕ, ДИЗ и ДИШЛ како органи во состав на МЗШЛ и ДТИ, КП Охрид и УСЖС како органи во состав на МТВ.

2. **Издвојување на инспекциските служби со статус на организациски единици од рамките на министерствата или другите органи на управа**

На тој начин, надзорната функција (вршење инспекциски надзор) целосно ќе се одвои од функцијата на креирање политики, регулаторната функција (издавање на дозволи, согласности и сл.) и функцијата на обезбедување услуги; сите или повеќето

присутни во рамките на еден ист орган (министерство или орган на државна управа). На тој начин, тој што ги создава правилата за однесување на субјектите или им дава услуга потребна за работење на субјектите нема да има улога и на контролно и репресивно тело за истите тие субјекти. Дополнително, од досегашните анализи утврдено е дека инспекторите и другите вработени лица во организациските единици во рамките на министерствата и органите на државната управа честопати вршат и други работни задачи кои не се во делокругот на работни задачи поврзани со инспекцискиот надзор.

Примери за такви инспекциски служби кои функционираат како организациска единица во рамки на министерства се: Секторот за инспекциски надзор во рамките на МТСП или Секторот за инспекциски надзор во рамките на МК.

3. **Укинување на дел од инспекторатите со недоволен капацитет и пренос на функцијата кон друг сроден инспекторат**

Вообичаено, формирањето на еден орган покрај оправданоста и причините за негово постоење, претпоставува и воспоставување на бројна и сериозна структура, особено од аспект на човечки ресурси, заради ефикасно и ефективно извршување на надлежностите. Во спротивно, кога органот има мал број вработени или мал број вработени инспектори, како што е случајот со одредени инспекторати, не придонесува за ефикасно и ефективно вршење на надлежноста на органот, односно работните задачи на вработените. Ваквите инспекторати или немаат доволно инспектори за остварување на основната функција – вршење инспекциски надзор или немаат доволно вработени за поддршка на работењето на инспекторите; сето тоа го оневозможува квалитетот и квантитетот во надзорот над примената на законите во областа. Во таквите случаи, заради поефикасно остварување на надзорот подобро е органот да се укине и функцијата на вршење надзор да се пренесе во орган кој има поголем капацитет.

Ако се направи анализа колку овие инспекторати имаат сработено во споредба со тоа колку реално чини нивното постоење, тогаш, се доаѓа до заклучок дека нивното укинување и пренесување на функцијата во друга институција е сосема оправдана. Според доставените документи во однос на извршени инспекциски надзори во 2017 и првиот квартал од 2018 година, може да се види дека ваквите инспекторати не ја вршеле во целост функцијата инспекциски надзор.

Примери за вакви инспекторати со недоволен капацитет се: ДИЛС со двајца инспектори од вкупно 7 вработени и 1150 надзори (записници) минатата година, или пак ДДИ кој нема доставено податоци за број на надзори во 2017 година и прв квартал од 2018 година и има вработено само двајца советници инспектори.

## 4. Окрупнување на инспекциските служби (спојување, припојување) во случаи кога постои сродност, комплементарност или преклопување на надлежности

Спојувањето и припојувањето се предлага во области кои се сродни, комплементарни или во кои има преклопувања, така што новите, односно придодадени надлежности нема да бидат неприродни за новиот, односно за постоечкиот орган. Преку спојувањето или припојување на инспекциските служби, нивните основни надлежности не се укинуваат, ниту на вработените (инспектори, административни службеници и помошно-технички лица) им престанува работниот однос, туку истите ќе бидат трансферирани кон нов крупен инспекторат или кон веќе постоечка инспекциска служба. Неминовно е во таквиот процес на оптимизација да се намали бројот на функционери, како и да се укинат дел од несуштинските работни места или работни места кои би се преклопувале по извршениот пренос, но тука не влегуваат работните места на инспекторите, кои се дефицитарни во сите области.

Примери за можни припојувања на инспекциски служби заради сродност, комплементарност или преклопувања во надлежности се:

- Припојување на ДИТИ кон ДПИ (комплементарност / преклопување во областа на безбедност на непрехранбени производи и во субјектите на надзор)
- Припојување на УСЖС и КП – Охрид кон ДТИ (иста област – транспорт, само различен вид на транспорт)
- Припојување на ДКИ кон ДИЖС (комплементарност / преклопување во областа на животна средина, односно отпад, јавна чистота, зеленило, итн.)

Приказот на наодите и предлозите е даден табеларно.

Првата табела дава приказ на инспекцискиот надзор според области. Фокусот кај овој приказ е ставен на идентификување на сите сродности, комплементарности и преклопувања меѓу различни инспекциски служби кои произлегуваат од сите закони во кој е пропишан инспекциски надзор.

Втората табела од малку поинаков агол ги прикажува наодите и ги надополнува со конкретни предлози за статусот на секоја инспекциска служба, со наведување на причините и условите за реализација на предлогот, а се во насока на оптимизација на инспекциските служби.

# VI. Преглед на инспекциските надзори според области

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| **Закон за Државен пазарен инспекторат:**<br><br>Работите на пазарната инспекција ги врши Државниот пазарен инспекторат (во натамошниот текст: Инспекторат) како орган во состав на министерството надлежно за работите од областа на економијата (во натамошниот текст: министерството).<br><br>Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на закон во работењето на трговските друштва, правните и физичките лица (во натамошниот текст: субјект на надзор), примената на прописи од областа на забраната и спречување на вршењето на нерегистрирана дејност, како и изрекување на инспекциски мерки со цел за отстранување на утврдените неправилности. | • ДПИ | |
| **Закон за трговија:**<br><br>Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон вршат Државниот пазарен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и други инспекциски и царински органи согласно со овластувањата утврдени со овој и со посебните закони. | • ДПИ<br>• ДИТ | • Иако согласно законската формулација се предвидува надлежност и на ДИТ и други инспекциски органи да вршат инспекциски надзор во трговијата, сепак специфичните задачи за вршење надзор и мерки што може да бидат изречени низ текстот на законот му се доделени само на ДПИ.<br>• Областа трговија треба да биде во исклучива надлежност на ДПИ како една од областите заради која е и формиран инспекторатот. |

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| **Закон за трговија на зелени пазари:**<br><br>Работите на инспекцискиот надзор во делот кој се однесува на исполнетоста на условите и начинот на организирање и вршење на трговија на зелените пазари, врши Државниот пазарен инспекторат.<br><br>Работите на инспекцискиот надзор во делот кој се однесува на безбедност на храна ја врши Агенцијата за храна и ветеринарство во согласност со овој и друг закон.<br><br>Работите на инспекцискиот надзор во делот на квалитет на земјоделските производи како и семенскиот и садниот материјал ги врши Државниот инспекторат за земјоделство. | • ДПИ<br>• АХВ<br>• ДИЗ | • Се дава надлежност на ресорното министерство да врши (административен) надзор над зелените пазари за аспекти кои претставуваат типичен инспекциски надзор (на пример, начин на вршење трговија на зелени пазари)<br>• Надлежноста меѓу неколкуте инспекциски служби во делот на трговијата на зелените пазари се разграничени, но останува можноста еден ист субјект на надзор да биде инспекториран од повеќе инспекциски служби за горе-доле исти аспекти (продажба на производи) |
| **Закон за електронска трговија:**<br><br>Инспекциски надзор над спроведување на одредбите од членовите 8, 9 и 20 од овој закон врши Агенцијата за електронски комуникаци преку надлежни инспектори согласно со одредбите од Законот за електронски комуникации и овој закон.<br><br>Инспекциски надзор над спроведување на одредбите од членовите 7 и 12 од овој закон врши Државниот пазарен инспекторат преку надлежни инспектори согласно со одредбите од Законот за Државен пазарен инспекторат и овој закон. | • АЕК<br>• ДПИ | • Јасно е разграничено за кои аспекти инспекциски надзор врши АЕК, а за кои ДПИ<br>• Поради специфичностите (ИКТ аспекти) на надзорот од конкретните законски одредби, овој надзор најстручно може да го врши АЕК, бидејќи ДПИ го нема потребниот стручен кадар и опрема |
| **Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат условен пристап:** | • ДПИ | • Материјата која ја опфаќа законот е слична на онаа опфатена со Законот за електронска трговија, па одтаму инспекцискиот надзор го врши ДПИ, при што за специфичните ИТ |

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон кои се однесуваат на направите за условен пристап, врши Државниот пазарен инспекторат, преку државните пазарни инспектори (во натамошниот текст: инспектори), во согласност со надлежностите утврдени во Законот за пазарна инспекција и овој закон.<br><br>Државниот пазарен инспекторат при вршење на инспекција соработува со органите и институциите надлежни за работите од областа на електронските комуникации. | | аспекти соработува со АЕК или евентуално јасно да се разграничи кои аспекти на инспекциски надзор се во надлежност на ДПИ, а кои во надлежност на АЕК, како што е тоа направено во Закон за електронска трговија |
| **Закон за занаетчиство:**<br><br>Работите на инспекцискиот надзор ги врши Државниот пазарен инспекторат, преку државните пазарни инспектори, во согласност со овој и друг закон. | • ДПИ | |
| **Закон за енергетика:**<br><br>Инспекциски надзор врз спроведувањето на овој закон вршат Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат.<br><br>Инспекцискиот надзор опфаќа надзор над спроведувањето на одредбите од овој и друг закон, прописи, правила, стандарди, технички спецификации и норми за квалитет што се однесуваат на вршење на енергетските дејности од страна на вршителите на енергетските дејности, корисниците на енергетските системи и потрошувачите.<br><br>Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспектор од Државниот инспекторат за техничка инспекција утврди дека не се применуваат или несоодветно се применуваат одредбите од овој и друг закон, други прописи, | • ДИТИ<br>• ДПИ | • Законот за енергетика ги разграничува аспектите за кои надзор врши ДИТИ (енергетски објекти, постројки, уреди и инсталации) од оние во надлежност на ДПИ (снабдување со електрична енергија и квалитет на течни горива), а со тоа донекаде и субјектите на надзор.<br>• РКЕ примарно има регулаторна функција, додека при следењето на пазарите и контролата на субјектите не применува класичен инспекциски надзор |

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| правила, стандарди, технички спецификации и норми за квалитет ќе донесе решение со кое:<br>1) ќе нареди да се отстранат утврдените недостатоци кои влијаат врз функционирањето на постројките и уредите и ќе определи рок во кој треба да се отстранат,<br>2) ќе ја забрани употребата на објектот, постројката, уредот или инсталацијата ако лицето не ги отстрани утврдените неисправности и неправилности во определениот рок, и<br>3) ќе ја забрани употребата, односно градбата и изведувањето на објектот, постројката, уредот или инсталацијата се додека утврдените неисправности и неправилности не се отстранат.<br><br>Ако при вршењето на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор утврди дека:<br>1) не се применуваат или несоодветно се применуваат правилата со кои се уредува снабдувањето на потрошувачите со енергија, ќе донесе решение со кое ќе определи рок за отстранување на недостатокот и ќе определи инспекциска мерка, или<br>2) учесниците на пазарот на течните горива не се придржуваат кон обврските утврдени со уредбата за квалитетот на течните горива, ќе донесе решение со кое ќе нареди да се повлечат од промет течните горива чијшто квалитет не одговара на пропишаниот и ќе определи инспекциска мерка.<br><br>Регулаторната комисија за енергетика е самостојно, непрофитно регулаторно тело кое го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности од овој закон. | | |
| **Закон за задолжителна резерва на нафта и нафтени деривати:** | • ДИТИ<br>• ДПИ<br>• ДЗРННД | • Не е разграничено за кои обврски и услови од Законот за задолжителна резерва на нафта и нафтени деривати инспекцискиот надзор го |

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот инспекторат за техничка инспекција и Државниот пазарен инспекторат во согласност со нивните надлежности утврдени со закон.<br><br>Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и на договорите за ускладиштување врши Дирекцијата. Надзорот го вршат овластени лица од редот на вработените во Дирекцијата, врз основа на писмено овластување од директорот на Дирекцијата. | | врши ДПИ, а за кои ДИТИ, што овозможува во пракса да има преклопување во вршењето на надзорот<br>• Вообичаено (административен) надзор над спроведување на закон врши ресорно министерство, што значи дека надлежноста на ДЗНР треба да биде само на надзор на договорите за усклидиштување<br>• И надзорот над договорите за усклидиштување може да се пренесе на надлежните инспекторати кои веќе вршат надзор над останатите аспекти од работењето на субјектите поврзано со ускладиштување на нафта и нафтени деривати. |
| **Закон за стоковните резерви:**<br><br>Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и на договорите за складирање врши Агенцијата. Надзорот го вршат вработените во Агенцијата врз основа на писмено овластување од директорот (во натамошниот текст: овластени лица).<br><br>Инспекциски надзор над стоковните резерви на пченица, пченка, јачмен, готварска сол, масло за јадење и нафтени деривати, врши Државниот пазарен инспекторат, преку државни пазарни инспектори, во соработка со Агенцијата.<br><br>Инспекциски надзор над стоковните резерви на лекови и медицински помагала вршат фармацевтски инспектори од Агенцијата за лекови, во соработка со Агенцијата. | • АСР<br>• ДПИ<br>• МАЛМЕД | • Јасно е разграничено за кои аспекти инспекциски надзор врши ДПИ, а за кои МАЛМЕД |

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| | | |
| **Закон за угостителската дејност:**<br><br>Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон вршат Државниот пазарен инспекторат и другите инспекциски органи согласно со овластувањата утврдени со овој и со друг закон.<br><br>Работите на инспекцискиот надзор на вршителите на угостителската дејност регистрирани во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје вршат овластените инспектори на општината, а во градот Скопје овластени инспектори на градот Скопје, како што се давањето на:<br>1) конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти;<br>2) угостителски услуги за сместување и исхрана во куќи;<br>3) угостителски услуги во апартмани и соби за одмор;<br>4) угостителски услуги во селски домаќинства и<br>5) угостителски услуги во пловни објекти.<br>Овластениот инспектор на општината, а во градот Скопје овластениот инспектор на градот Скопје можат да вршат и други работи утврдени со закон и со пропис. | • ДПИ<br>• Општински инспектори | |
| **Закон за туристичката дејност:**<br><br>Работите на инспекцискиот надзор ги врши Државниот пазарен инспекторат преку инспектори, согласно со одредбите од Законот за пазарната инспекција и овој закон.<br><br>Работите на инспекцискиот надзор на вршителите на туристичката дејност регистрирани во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во | • ДПИ<br>• Општински инспектори | |

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| градот Скопје во регистарот што го води градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, вршат овластени инспектори на општината, а во градот Скопје овластени инспектори на градот Скопје, како што се:<br>1) исполнувањето на условите и начинот на вршењето на туристичката дејност на туристичкиот водич и туристичкиот придружник;<br>2) вршењето на работите од страна на туристичкото биро и<br>3) исполнувањето на условите за селски и етно-туризам. | | |
| **Закон за таксата за привремен престој:**<br><br>Надзорот над наплатата на таксата од членот 1 на овој закон на сметката во единиците на локалната самоуправа и градот Скопје ги вршат органите на единиците на локалната самоуправа, односно градот Скопје, а надзорот на наплатата на таксата од членот 1 на овој закон на сметката на Буџетот на Република Македонија го врши Државниот пазарен инспекторат. | • ДПИ<br>• Општински инспектори | |
| **Закон за автокампови:**<br><br>Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Државниот пазарен инспекторат согласно со овластувањата утврдени со овој и со друг закон.<br><br>Надзор на исполнетоста на условите од членот 35 од овој закон вршат соодветните инспекциски органи надлежни согласно со прописите од областа на угостителството, животната средина, работните односи и здравствената заштита. | • ДПИ<br>• ДИТ<br>• ДСЗИ<br>• ДИЖС | • Јасно се наведени аспектите за кои надлежноста за инспекциски надзор не е на ДПИ, туку на други инспекциски служби |
| **Закон за заштита на потрошувачи:** | • ДПИ<br>• АХВ<br>• ДСЗИ | • Не е разграничено за кои аспекти од законот ќе биде надлежен секој од наведените инспекторати, но посредно тоа е направено |

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| Инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од овој закон врши Државниот пазарен инспекторат, Дирекција за храна и Управа за ветеринарство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Државниот инспекторат за животна средина преку инспектори (во понатамошниот текст: инспектор), во согласност со овластувањата утврдени со закон. | • ДИЖС | преку наведување на конкретните членови за кои е надлежен секој од прекршочните органи |
| **Закон за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити:**<br><br>Инспекциски надзор над кредиторите кои работат врз основа на дозвола издадена од Министерството за економија врши Државниот пазарен инспекторат преку државни пазарни инспектори. | • ДПИ | • Материјата која ја опфаќа законот е мултиресорска, бидејќи опфаќа заштита на потрошувачи како материја за која е надлежно МЕ и кредити за кое е надлежно МФ, па одтаму треба да се преиспита дали надлежен ќе остане ДПИ или инспекциската служба од областа на финансиите, чиишто инспектори би требало да се постручни со правата и обврските од кредитните односи. |
| **Закон за индустриската сопственост**<br><br>Инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од овој закон по однос на прометот и употребата на заштитените права од индустриската сопственост врши Државниот пазарен инспекторат по службена должност (во натамошниот текст: Инспекторат) и по барање на носителот на правото. | • ДПИ | |
| **Закон за метрологијата:**<br><br>Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони по однос на употребата на законските мерни единици и прометот и употребата на мерилата врши органот надлежен за работата на пазарната инспекција. | • ДПИ | |

| Конкретна законска надлежност | Надлежна инспекциска служба | Наоди |
|---|---|---|
| | | |
| **Закон за надзор над пазарот:**<br><br>- "органи за надзор на пазарот" се Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот трудов инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина и други органи на државната управа или инспектори кои вршат надзор на пазарот во согласност со закон, како и други органи и организации и независни регулаторни тела што вршат надзор на пазарот. | • ДПИ<br>• ДСЗИ<br>• ДИТ<br>• ДИТИ<br>• ДИЖС | • Не е разграничено за кои аспекти ќе биде надлежен секој од наведените инспекциски органи, туку намерно е ставено секоја инспекциска служба да постапува по одредбите од овој општ закон додека со материјалните закони се регулираат конкретните аспекти |
| **Закон за производство и промет на вооружување и воена опрема:**<br><br>Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за економија преку инспектори на Управата за наменско производство за вршење на задачите и работите на инспекцискиот надзор. | • УНП | Иако во суштина се врши надзор над прометот (трговија), сепак објектите и субјектите на надзор потпаѓаат под ресорите безбедност и одбрана. Од таму, лоцирањето на оваа проблематика, вклучително и инспекцискиот надзор во ресорот економија е несоодветно. |

## VII. Предлог за реорганизација и оптимизација на инспекциските служби

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ДПИ | • задржување на статусот<br>• придодавање на надлежноста и инспекторите за вршење инспекциски надзор во областите што ги покрива техничката инспекција<br>• укинување на надлежноста за вршење инспекциски надзор над работни односи | • голем инспекторат и по области што ги покрива и по број на вработени<br>• големо искуство, разгранета структура по региони / градови и солидна опременост<br>• веќе врши надзор и има специјализирани инспектори за безбедност на производи и енергетика (нафта), области кои и ДИТИ ги покрива<br>• надзор над работните односи врз истите субјекти врши друг специјализиран инспекторат | • измена на член 20 став (2) од ЗОРОДУ<br>• измена и дополнување и на следните седум закони заради бришење на ДИТИ од надлежните инспекциски служби во областа и префрлање на надлежноста за вршење надзор на ДПИ:<br>1. Закон за техничката инспекција<br>2. Закон за задолжителна резерва на нафта и нафтени деривати<br>3. Закон за енергетика<br>4. Закон за надзор на пазарот<br>5. Закон за безбедност на производи<br>6. Закон за минерални суровини<br>7. Закон за заштита од бучава во животната средина |
| 2 | ДИТИ | • укинување на инспекторатот и пренос на надлежноста и инспекторите во (припојување кон) ДПИ | • орган во состав на МЕ, како и ДПИ, па според начелото „едно министерство - еден инспекторат“ треба да дојде до припојување или спојување<br>• послаба кадровска екипираност и со инспектори (18 од предвидени 28 според систематизација) и со лица за поддршка (8)<br>• надзорот над областите поефикасно би се вршел преку ДПИ кој е поголем и присутен по региони (10) / градови (30) | |
| 3 | ДЗРННД | • пренос на надлежноста за вршење надзор над договорите за | • Согласно Законот за задолжителна резерва на нафта и нафтени деривати, инспекциски надзор вршат ДИТИ и ДПИ, а на ДЗРННД и е дадена | • Измена на Законот за задолжителна резерва на нафта и нафтени деривати |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | складиштување од ДЗРННД во ДПИ | надлежност да врши надзор само над договорите за ускладиштување.<br>• Овие аспекти на надзор би можеле да ги вршат инспекторите од ДПИ. | |
| 4 | АСР | • пренос на надлежноста за вршење надзор над договорите за ускладиштување од ДЗРННД во ДПИ и ДСЗИ | • Согласно Законот за стоковни резерви, инспекциски надзор вршат ДПИ и МАЛМЕД, а на АСР и е дадена надлежност да врши надзор само над договорите за ускладиштување.<br>• Овие аспекти на надзор, зависно од видот на стоката, би можеле да ги вршат инспекторите од ДПИ, односно ДСЗИ (доколку надзорот на лековите се пренесе од МАЛМЕД во ДСЗИ). | • Измена на Законот за стоковни резерви |
| 5 | БМ | • пренос на надлежноста за вршење надзор од БМ на ДПИ | • Примарна надлежност за контрола и надзор врз предметите од скапоцени метали имаат овластени работници од БМ, но од аспект на нивниот промет надлежност има и ДПИ, во кој случај можни се преклопувања во пракса.<br>• Надзор над исправноста и жигосаноста на предметите од скапоцени метали во прометот би можеле да го вршат инспекторите од ДПИ, во соработка со БМ. | • Измена на Закон за контрола на предметите од скапоцени метали |
| 6 | УНП<br>*(оваа инспекциска служба е надвор од системот што го* | Опција 1<br>• пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор во новоформиран инспекторат во областа на одбраната, безбедноста и цивилната заштита | • орган во состав на МЕ, во чиј состав веќе има неколку инспекторати<br>• издвојување на надлежноста и инспекторите од орган во состав, чиишто основни функции се имплементација на политиките и законите и регулаторна функција (издавање одобренија)<br>• вршат надзор само според еден закон<br>• не се влезени во инспекцискиот систем координиран од ИС, па затоа нема достапни | • измена и дополнување на Закон за производство и промет на вооружување и воена опрема |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | *координира ИС)* | | информации за број на вработени инспектори и обем на извршени надзори во текот на 2017 година и прв квартал за 2018 година<br>• преминот на надлежноста во новоформиран инспекторат во областа на одбраната, безбедноста и цивилната заштита се оправдува со сродноста на областа на надзор со овие меѓусебно поврзани области | |
| | | *Опција 2:*<br>• *пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор во ДПИ* | • *истите аргументи дадени за опција 1*<br>• *преминот на надлежноста во ДПИ се оправдува со тоа што двата органи се во состав на исто министерство (МЕ) и што донекаде со надзорот е опфатен промет (трговија), како област врз која надлежност да врши надзор има ДПИ* | |
| 7 | ДДИ | Опција 1:<br>• задржување на статусот и придодавање на надлежноста и инспекторите од МФ | • потребата во рамките на ресорното министерство (МФ) да има еден инспекторат<br>• зајакнување на инспекцискиот надзор што (треба да) го вршат со придодавање на инспектори | |
| | | *Опција 2:*<br>• *укинување на инспекторатот и пренос на надлежноста и инспекторите во повеќе други органи од областа на финансиите* | • *слаба кадровска и техничка опременост со вкупно 7 вработени, од кои 2 инспектори*<br>• *намалување на обем на работа секоја година, само за пример, од 30 надзори во 2015, 23 во 2016 и 25 во 2017 година.*<br>• *надзорот (контролата) во областите на девизно работење, трансакции помеѓу резиденти и нерезиденти и од/кон странство, менувачко работење и сл. се веќе на еден или* | • *измена на член 19 став (2) од ЗОРОДУ*<br>• *измена и дополнување и/или укинување и на следните три закони заради префрлање на надлежноста за вршење надзор:* |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | *друг начин покриени од други органи како НБРМ, Управа за финансиско разузнување или Управа за финансиска полиција*<br>• *бројот на вработени и обемот на работа не го оправдува постоењето на посебен инспекторат* | 1. *Закон за девизна инспекција*<br>2. *Закон за девизно работење*<br>3. *Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари* |
| 8 | МФ<br>(*оваа инспекциска служба е надвор од системот што го координира ИС*) | Опција 1:<br>• Пренос на надлежноста за вршење надзор и инспекторите од МФ во проширениот по назив и надлежност ДДИ | • според начелата „едно министерство - еден инспекторат" и издвојување на организациските единици што вршат надзор од рамките на министерствата треба да дојде до пренос на надлежноста и инспекторите во единствениот инспекторат на ресорното министерство (МФ)<br>• не се влезени во инспекцискиот систем координиран од ИС, па затоа нема достапни информации за број на вработени инспектори и обем на извршени надзори во текот на 2017 година и прв квартал за 2018 година<br>• предметот и субјектите на овој надзор се речиси исти со ревизијата која ја вршат внатрешните ревизори и државните ревизори | • измена на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор |
| | | Опција 2:<br>• *Пренос на надлежноста и инспекторите во други органи во состав на МФ* | • *Издвојување од министерството чија главна функција е креирање и анализа на политики*<br>• *можност за инспекторите да ги задржат правата и обврските (особено во делот на платите) со премин во орган во кој статусот на вработените се разликува од статусот на класични административни службеници* | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| 9 | УЈП<br>*(оваа инспекциска служба е надвор од системот што го координира ИС)* | • Задржување на статусот<br>• На подолг рок пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и даночните инспектори во единствениот инспекторат во областа на финансиите | • Службениците и инспекторите во областа на даночните работи секогаш биле издвојувани, пред се заради потребата да имаат поинаков статус и привилегии кои ќе оневозможат или ќе ја намалат можноста за коруптивни дејствија<br>• Во суштина инспекцискиот надзор во областа на даночното работење не се разликува од класичниот инспекциски надзор заради кој мора овој надзор, органи и инспектори да бидат надвор од инспекцискиот систем | |
| 10 | ЦУРМ<br>*(оваа инспекциска служба е надвор од системот што го координира ИС)* | • Задржување на статусот | • Спецификите на царинското работење налагаат постоење на посебен и единствен орган за оваа област<br>• Царинскиот надзор и акцизниот надзор се разликуваат од класичниот инспекциски надзор<br>• Царинските службеници се лица кои имаат поинаков статус и овластувања од инспекторите и воопшто класичните административни службеници | |
| 11 | ДИТ | • задржување на статусот<br>• придодавање на надлежноста и инспекторите за вршење инспекциски надзор во областа социјална и детска заштита | • голем инспекторат според број на вработени и според субјекти на надзор<br>• разгранета структура по региони / градови и солидна опременост<br>• инспекцискиот надзор во двете области – труд и безбедност и здравје при работа го вршат инспектори специјализирани по области, на кои би можела да се придодаде и областа социјална и детска заштита, сите ресори во надлежност на МТСП | • Измена на следните два закона заради префрлање на надлежноста од МТСП на ДИТ:<br>1. Закон за социјалната заштита<br>2. Закон за заштита на децата |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| 12 | МТСП | • Пренос на надлежноста за вршење надзор и инспекторите од МТСП во ДИТ | • Според начелата „едно министерство - еден инспекторат“ и издвојување на организациските единици што вршат надзор од рамките на министерствата треба да дојде до пренос на надлежноста и инспекторите во единствениот инспекторат на ресорното министерство<br>• Областа сама по себе и бројот на инспектори кои ја покриваат изискуваат издвојување од едно гломазно министерство (бр. на инспектори = 20, нема податоци за број на извршени надзори во 2017 одина, додека во првиот квартал од 2018 извршени се вкупно 188 надзори) | |
| 13 | ДИЖС | • задржување на статусот<br>• придодавање на надлежноста за вршење надзор и одреден број инспектори од ДКИ за дел од областите што ги покрива овој инспекторат (јавна чистота и зеленило) | • покрива повеќе сродни области и голем број закони<br>• етаблиран орган кој е дел од меѓународни мрежи и системи<br>• инспекциските служби што ја покриваат оваа област во меѓународни рамки добиваат се поголемо значење<br>• со придодавање на сродни надлежности ќе се избегнат преклопувањата што се јавуваат во тие области (јавна чистота и зеленило) и поефикасно ќе се врши надзорот | |
| 14 | ДКИ | • укинување на инспекторатот и пренос на надлежноста и инспекторите во ДИЖС и во општинската администрација | • орган во состав на МТВ, па според начелото „едно министерство - еден инспекторат“ треба да дојде до припојување или спојување<br>• според природата на надлежностите, која произлегува од 8 закони, надзорот би можел поефикасно да се извршува во други органи како што се ДИЖС (јавна чистота, зеленило), ДСЗИ | • Измена на член 27 став (2) од ЗОРОДУ<br>• Измена и на следните осум закони заради бришење на ДКИ од надлежните инспекциски служби во |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | (вода за пиење) и органи на локално ниво кои веќе ги покриваат истите комунални области преку локални инспектори, вклучително и областа домување<br>• Во неколку од областите кои ги покрива, ДКИ има супсидијарна надлежност, односно инспекторите од ДКИ постапуваат во случај кога општините немаат овластени инспектори<br>• пополнети се 5 работни места за инспектори од вкупно 8 систематизирани,<br>• во 2017 извршени се 243 надзори, а во првиот квартал на 2018 – 88 надзори<br>• Бројот на вработени и обемот на работа не го оправдува постоењето на посебен инспекторат | областа и/или префрлање на надлежноста:<br>1. Закон за комуналните дејности<br>2. Закон за јавна чистота<br>3. Закон за зеленило<br>4. Закон за домување<br>5. Закон за гробишта и погребални услуги<br>6. Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води<br>7. Закон за јавни патишта<br>8. Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност |
| 15 | ДИТранспорт | • задржување на статусот<br>• придодавање на надлежност за вршење инспекциски надзор и инспекторите во областите железнички транспорт, внатрешна пловидба и урбанизам и градежништво од УСЖС, КП, МТВ и ДИГУ | • во минатото бил голем и сеопфатен инспекторат преку кој се вршел надзор во сите видови транспорт<br>• имаат разгранета структура и присуство по региони / градови<br>• ДИТранспорт има 25 инспектори и уште 10 лица за поддршка на работењето. | • Измена и дополнување на член 27 став (2) од ЗОРОДУ<br>• Измена и дополнување и на следните седум закони заради пренос / придодавање на надлежноста за вршење инспекциски надзор од УСЖС, КП, МТВ и ДИГУ во ДИТранспорт: |
| 16 | УСЖС | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите од УСЖС во ДИТранспорт | • Издвојување на надлежноста и инспекторите од орган во состав, чиишто основни функции се имплементација на политиките | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | • Орган во состав на МТВ, па според начелото „едно министерство - еден инспекторат“ треба да дојде до припојување или спојување<br>• Во минатото, надзорот на железничкиот транспорт се вршел од страна на ДИТранспорт во чии рамки вршењето надзор и врз овој тип на транспорт би можел ефикасно да се извршува и од постоечкиот инспекторски кадар<br>• Слаб капацитет на органот и особено на инспекциската служба со само 1 вработен инспектор<br>• Речиси не спроведуваат надзори во пракса (нема доставени информации во однос на извршени инспекциски надзори).<br>• Имајќи ја предвид сериозноста на функција која се однесува на инспекцискиот надзор, и согледувајќи ги сегашните состојби, од исклучително значење е оваа надлежност да се извршува од функционален сроден инспекторат. | 1. Закон за железничкиот систем<br>2. Закон за сигурност во железничкиот систем<br>3. Закон за интероперабилност во железничкиот систем<br>4. Закон за внатрешна пловидба<br>5. Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај<br>6. Закон за просторно и урбанистичко планирање<br>7. Закон за градење |
| 17 | КП | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите од КП во ДИТранспорт | • Издвојување на надлежноста и инспекторите од орган во состав, чиишто основни функции се имплементација на политиките и регулаторна функција (издавање одобренија)<br>• Орган во состав на МТВ, па според начелото „едно министерство - еден инспекторат“ треба да дојде до припојување или спојување<br>• Овој тип на транспорт би можел ефикасно да се извршува во рамките на ДИТранспорт со специјализирана организациска единица | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | • Слаб капацитет на органот и особено на инспекциската служба со само 2 вработени инспектори<br>• Бројот на инспекциски надзори за 2017 година изнесува 106, додека за првиот квартал од 2018 година само 12 надзори. | |
| 18 | МТВ<br>*(оваа инспекциска служба е надвор од системот што го координира ИС)* | • Пренос на надлежноста за вршење контрола од МТВ во ДИТранспорт | • Иако единствениот закон според кој МТВ врши надзор не ги употребува изразите „инспекциски надзор“ и „инспектори“, туку „контрола“ и „овластени лица“, во суштина контролата претставува инспекциски надзор на исполнување на условите за добивање на овластување и на евиденцијата која работилниците за уреди за запишување се должни да ја водат.<br>• Овој орган и контрола не се дел од инспекцискиот систем координиран од ИС, па затоа нема достапни информации за организациската единица која ги спроведува контролите, бројот на вработени овластени лица и обемот на извршени контроли во текот на 2017 година и прв квартал за 2018 година<br>• Издвојување на надлежноста за вршење контрола од министерството чија главна функција е креирање и анализа на политики<br>• Надзорот би го вршел инспекторат кој веќе има надлежност во областа и со законот со кој МТВ ги врши контролите | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| 19 | ДИГУ | • Укинување и пренос на надлежноста и инспекторите во (припојување кон) ДИТранспорт | • Орган во состав на МТВ, па според начелото „едно министерство - еден инспекторат“ треба да дојде до припојување или спојување<br>• Од 13 систематизирани работни места за инспектори, во моментов има 7 вработени инспектори. Во текот на 2017 година извршени се 124 надзори, односно, 46 надзори во првиот квартал од годинава.<br>• Надзор над најголем дел и број од урбанистичките планови вршат општинските градежни инспектори<br>• Поради специфичноста на областа урбанизам и градежништво, која се разликува од областа транспорт, независно од тоа што се покриени од едно министерство, треба да постои посебен сектор за надзор во оваа област | |
| 20 | АКН | • Задржување на статус<br>• На подолг рок пренос на надлежноста за вршење надзор единствениот инспекторат во областа на трансппорот, урбанизамот и градежништвото | • АКН врши надзор на законитоста на работењето на овластените геодети.<br>• Иако примарна функција на АКН е обезбедување на услуги, како и регулаторната функција (издавање на овластувања), сепак во еден преоден период треба да ја задржи и контролно-надзорната функција, се додека не се етаблира единствениот инспекторат во областа на транспортот, урбанизмот и градежништвото, поточно надлежноста да ја презенат државните градежни и урбанистчки инспектори | |
| 21 | ДСЗИ | • задржување на статусот<br>• пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор над работни | • Инспекторат кој покрива повеќе сродни области и голем број закони | • Измена и дополнување на следните осум закони заради пренос / |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | односи во здравствени установи во ДИТ<br>• придодавање на надлежноста за вршење инспекциски надзор над хемикалиите, лековите, медицинските средства и вршењето фармацевтска дејност, над евиденциите што ги водат здравствените установи, како и над извори на јонизирачко зрачење | • Има разгранета структура, односно присутен е во повеќе региони и градови и има солиден број на инспектори – 42 од вкупно 63 систематизирани.<br>• Спроведени 7699 надзори за 2017 година, односно 1555 во првиот квартал од 2018.<br>• Областите кои би се придодале се сродни и комплементарни на областите за кои ДСЗИ веќе врши надзор, односно се од ресорот здравство<br>• Според катагоризацијата на ЕУ, релевантните регулативи на ЕУ за радијациона сигурност и јонизирачко зрачење се дел од областа заштита на здравјето (health and safety)<br>• Според ЗОРОДУ заштитата на населението од јонизирачките зрачења е во ресорот здравство | придодавање на надлежноста за вршење инспекциски надзор од МАЛМЕД, МЗ и ДРС во ДСЗИ:<br>1. Закон за санитарна и здравствена инспекција<br>2. Закон за евиденции во областа на здравството<br>3. Закон за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала<br>4. Закон за лековите и медицинските средства<br>5. Закон за хемикалии<br>6. Закон за прекурзори<br>7. Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции<br>8. Закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност |
| 22 | МАЛМЕД | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите од МАЛМЕД во ДСЗИ | • Издвојување од орган во состав, чиишто основни функции се имплементација на политиките и законите, регулативна (издавање одобренија) и обезбедување на услуги<br>• Орган во состав на МЗ, па според начелото „едно министерство - еден инспекторат“ треба да дојде до припојување / спојување<br>• Вкупно 5 вработени инспектори, од 8 систематизирани.<br>• Спроведени 379 надзори во 2017 година, односно 71 во првиот квартал од 2018 година<br>• Областите на надзор што ги покрива МАЛМЕД се сродни на областите во надлежност на ДСЗИ | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| 23 | МЗ | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите од МЗ во ДСЗИ | • Издвојување од министерството чија главна функција е креирање и анализа на политики<br>• Вкупно 4 вработени инспектори<br>• Нема податоци за извршени надзори во 2017 година, додека во првиот квартал од 2018 година извршени се вкупно 24 надзори<br>• Областа на надзор е сродна со областите што ги покрива ДСЗИ, а претходно била во надлежност на МАЛМЕД | |
| 24 | ДРС | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите од ДРС во ДСЗИ | • Издвојување од орган чии основни функции се имплементација на политиките и законите, регулативна (издавање дозволи) и обезбедување на услуги<br>• Вкупно 3 вработени инспектори<br>• Спроведени 172 надзори во 2017 година, додека во првиот квартал од 2018 година извршени се 57 надзори<br>• Според катагоризацијата на ЕУ, релевантните регулативи на ЕУ за радијациона сигурност и јонизирачко зрачење се дел од областа заштита на здравјето (health and safety)<br>• Според ЗОРОДУ заштитата на населението од јонизирачките зрачења е во ресорот здравство | |
| 25 | ФЗОМ *(оваа инспекциска служба е надвор од системот* | • Пренос на надлежноста на вршење контрола од ФЗОМ на ДСЗИ | • Основна функција на Фондот е обезбедување услуги кон осигурениците<br>• Иако во Законот за евиденции од областа на здравството, инспекцискиот надзор е доделен на ДСЗИ и МАЛМЕД, дадена е надлежност и на ФЗОМ да врши контрола на внесувањето на | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | *што го координира ИС)* | | податоците и водењето на медицинска документација и здравствените евиденции од страна на здравствените установи, што претставува еден вид на инспекциски надзор над управното работење на здравствените установи, кој треба да е во надлежност на ДСЗИ, особено што согласно Законот за здравственото осигурување здравствената инспекција (ДСЗИ) врши надзор во однос на остварувањето на правата на осигурениците и осигурените лица. | |
| 26 | АХВ | • Задржување на статусот | • голем орган и по области што ги покрива (меѓуресорски – здравство и земјоделство) и по број на вработени (вкупно 175 инспектори, од 251 систематизирани).<br>• големо искуство, разгранета структура по региони / градови и гранични премини и добра опременост<br>• етаблиран како дел од меѓународни мрежи и системи<br>• извршени 48.280 инспекциски надзори во 2017 година, односно 14.898 во првиот квартал од 2018 година<br>• Според анализите направени во 2010 година пред формирањето на овој орган, најдобрата од трите разгледувани опции била опцијата инспекторите во оваа област да бидат дел од посебен орган, а не во состав на МЗШВ или МЗ | |
| 27 | ДИЗ | • задржување на статусот<br>• придодавање на надлежноста за вршење инспекциски надзор и | • голем инспекторат според број на вработени (вкупно 114 инспектори од предвидени 157 | • Измена и дополнување на член 21 став (2) од ЗОРОДУ |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | инспекторите во областите шумарство и ловство од ДИШЛ | според систематизација) и број на области и закони што ги покрива<br>• Има разгранета структура, односно присутност по региони / градови што овозможува лесно акомодирање и вршење надзор во сродните области<br>• Нема податоци за 2017 година во однос на бројот на извршени инспекциски надзори, додека во првиот квартал од 2018 година извршени се 11.151 надзор. | • Измена и дополнување и на следните четири закони заради пренос / придодавање на надлежноста за вршење инспекциски надзор од ДИШЛ во ДИЗ:<br>1. Закон за шумарска и ловна инспекција<br>2. Закон за шумите<br>3. Закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја<br>4. Закон за ловство |
| 28 | ДИШЛ | • укинување на инспекторатот и пренос на надлежноста и инспекторите во (припојување кон) ДИЗ | • Орган во состав на МЗШВ, па според начелото „едно министерство - еден инспекторат“ треба да дојде до припојување или спојување<br>• Шумарството и ловството се сродни и тесно поврзани области со земјоделството, особено во делот на шумско земјиште и репродуктивен материјал во кои има комплементарност и/или преклопување на надзорот меѓу овие два инспекторати<br>• Вкупно 20 инспектори, од 31 систематизирани<br>• Иако се внатрешно организирани во региони, за одредени региони немаат воопшто или немаат доволно инспектори<br>• 4106 извршени надзори во 2017 година, односно, 1210 во првиот квартал од 2018 година | |
| 29 | ДУИ | • задржување на статусот<br>• придодавање на надлежност за вршење инспекциски надзор и инспекторите во областите на: 1. Постапки за донесување на | • Инспекторат кој го покрива ресорот администрација за кој политиките ги креира МИОА, исто како и за ресорот информатички работи | • Измена на член 25 став (2) од ЗОРОДУ<br>• Измена и дополнување и/или укинување и на следните шест закони |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | прописите на органите на локална самоуправа, 2. Архивско работење и 3. Информатички работи | • Постапките за донесување прописи на локално ниво се сродни на управните постапки, а воедно субјектите на надзор на ДИЛС и на ДУИ се исти<br>• Материјата на архивско и деловодно-канцелариско работење е тесно поврзана и регулирана во исти прописи – ЗАМ и Уредба за канцелариско и архивско работење, а во помалите институции од јавен сектор и воопшто субјекти во пракса не се разграничува архивското од деловодно-канцеларискотo работење (архива од писарница)<br>• Согласно законите со кои се регулираат електронското управување и електронскиот потпис, како и најавните измени на овие прописи, пропишано е вршење контрола, односно инспекциски надзор над субјектите кои постапуваат согласно овие закони кои се во надлежност на МИОА<br>• Од 54 систематизирани работни места за инспектори, пополнети се 32.<br>• ДУИ има 2913 извршени надзори во 2017, односно 613 во првиот квартал од 2018 година<br>• ДУИ има присуство по региони / градови | заради пренос / придодавање на надлежноста за вршење инспекциски надзор од ДИЛС, ДА и МИОА во ДУИ:<br>1. Закон за управната инспекција<br>2. Закон за државниот инспекторат за локална самоуправа<br>3. Закон за локалната самоуправа<br>4. Закон за архивски материјал<br>5. Закон за електронско управување<br>6. Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис |
| 30 | ДИЛС | • Укинување на инспекторатот и пренос на надлежноста за вршење надзор и инспекторите во (припојување кон) ДУИ | • Слаб капацитет на инспекторатот со само двајца вработени инспектори и мала стручна служба<br>• Бројот на вработени и обемот на работа не го оправдува постоењето на посебен орган<br>• Областа на надзор (постапка за донесување на прописите на органите на ЛС) е слична со | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | областа и типот на надзор што го вршат инспекторите од ДУИ | |
| 31 | ДА | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите од ДА во ДУИ | • Материјата на архивско и деловодно-канцелариско работење е тесно поврзана и регулирана во исти прописи – ЗАМ и Уредба за канцелариско и архивско работење, а во помалите институции од јавен сектор и воопшто субјекти во пракса не се разграничува архивското од деловодно-канцелариското работење (архива од писарница)<br>• Издвојување од орган чии основни функции се имплементација на политиките и законите и обезбедување на услуги и вршење на стручни работи од областа<br>• Потребно е да се избегне вршењето надзор од страна на два различни органи врз исти субјекти за иста или слична проблематика<br>• Вработени 12 инспектори од вкупно 22 систематизирани<br>• Извршени 207 надзори во 2017 година, односно 84 во првиот квартал во 2018 година | |
| 32 | МИОА *(оваа инспекциска служба е надвор од системот што го* | • Пренос на надлежноста за вршење надзор и контрола во ДУИ | • Иако Законот за електронско управување според кој МИОА врши надзор не ги употребува изразите „инспекциски надзор“, туку „контрола“, во суштина контролата претставува инспекциски надзор на функционалносоте на информациските системи кои ги користат органите за меѓусебна комуникација по електронски пат и за кои МИОА претходно издал сертификат. | |

| # | **Инспекциска служба** | **Предлог** | **Образложение** | **Закони потребни да се промената за реализација на предлогот** |
|---|---|---|---|---|
| | *координира ИС)* | | • Овој надзор не е дел од инспекцискиот систем координиран од ИС, па затоа нема достапни информации за бројот на вработени овластени лица и бројот на извршени контроли во текот на 2017 година и прв квартал за 2018 година<br>• Издвојување на надлежноста за вршење контрола од министерството чија главна функција е креирање и анализа на политики<br>• Надзорот би го вршел инспекторат кој веќе има надлежност во ресорите што ги покрива МИОА | |
| 33 | ДИП | задржување на статусот<br>придодавање на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите во областа спорт од АМС | • голем инспекторат по број на вработени<br>• големо искуство и разгранета структура, односно присутност по региони / градови<br>• областите образование, млади и спорт се блиски и во многу држави, вклучително и во ЕУ, каде што политиките во овие области се креирани и/или имплементирани од еден орган.<br>• ДИП веќе има одредена надлежност да врши надзор во областа спорт согласно одредбите од Законот за спортска академија | • Измена на член 23 став (2) од ЗОРОДУ<br>• Измена и дополнување и на следните два закони заради пренос / придодавање на надлежноста за вршење инспекциски надзор од АМС во ДИП:<br>1. Закон за спортот<br>2. Закон за просветна инспекција |
| 34 | АМС | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите во ДИП | • издвојување од орган чиишто основни функции се имплементација на политиките и законите и обезбедување на услуги<br>• во рамките на АМС е формиран сектор за инспекциски надзор, со 2 вработени инспектори од вкупно 3 систематизирани. | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | • секторот има извршено 14 надзори во 2017 година, додека за првиот квартал од 2018 година нема податоци<br>• поголема тежина и ефективност на надзорот во областа на спортот ќе се добие доколку стане посебна организациска единица од поголем и специјализиран инспекторат како што е ДИП | |
| 35 | МК | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите во новоформиран и единствен инспекторат од областа на културата | • Издвојување на организациската единица за вршење надзор од рамките на МК, чијашто главна функција е креирање и анализа на политики<br>• Сектор во рамки на Министерство за култура, со 4 вработени инспектори од вкупно 10 систематизирани.<br>• Вкупно 167 инспекциски надзори во 2017 година, односно 38 во првиот квартал од 2018 година<br>• Областа култура сама по себе и бројот на опфатени закони изискува формирање посебен инспекциски орган<br>• Согласно повеќето закони од областа на културата предвидена е паралелна надлежност за вршење инспекциски надзор од страна на МК и УЗКН | • Дополнување на член 26 став (2) од ЗОРОДУ<br>• Измена и дополнување и на следните 15 закони заради пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор од МК и УЗКН во новоформираниот инспекторат во областа на културата:<br>1. Закон за културата<br>2. Закон за употребата на македонскиот јазик<br>3. Закон за издавачката дејност<br>4. Закон за задолжителниот примерок<br>5. Закон за филмската дејност<br>6. Закон за аудиовизуелните добра<br>7. Закон за библиотеките |
| 36 | УЗКН | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите во новоформиран и единствен инспекторат од областа на културата | • Издвојување од орган во состав на МК, чијашто главна функција е имплементација на политиките и законите и обезбедување на услуги, како и вршење стручни работи од областа | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | • Одделение во рамките на УЗКН, со вкупно 7 вработени инспектори од 8 систематизирани.<br>• Спроведени 194 инспекциски надзори во 2017 година, односно 29 во првиот квартал во 2018 година<br>• Областа култура сама по себе и бројот на опфатени закони изискува формирање посебен инспекциски орган<br>• Согласно повеќето закони од областа на културата предвидена е паралелна надлежност за вршење инспекциски надзор од страна на МК и УЗКН | 8. Закон за музеите<br>9. Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата<br>10. Закон за заштита на културното наследство<br>11. Закон за прогласување на старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење<br>12. Закон за прогласување на спомeничка целина на Крушево за културно наследство од особено значење<br>13. Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење<br>14. Закон за прогласување на старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење<br>15. Закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење |

<table>
<tr><th>#</th><th>Инспекциска служба</th><th>Предлог</th><th>Образложение</th><th>Закони потребни да се променат за реализација на предлогот</th></tr>
<tr><td>37</td><td>ДЗС</td><td>• Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите во новоформиран и единствен инспекторат од областа на одбраната, заштитата и безбедноста</td><td>• Издвојување на организациската единица за вршење надзор од самостоен орган на државна управа, чијашто главна функција е имплементација на политиките и законите и обезбедување на услуги, како и вршење стручни работи од областа<br>• Вкупно 23 инспектори од 34 систематизирани.<br>• За 2017 година нема податоци, додека во првиот квартал од 2018 извршени се 342 надзори.</td><td rowspan="3">• Додавање на нов став (2) на член 15 од ЗОРОДУ<br>• Измена и дополнување и на следните шест закони заради пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор од ДЗС, ЦК, МО и ДБКИ во новоформираниот инспекторат во областа на одбраната, заштитата и безбедноста:<br>1. Закон за одбрана<br>2. Закон за управување со кризи<br>3. Закон за заштита и спасување<br>4. Закон за пожарникарството<br>5. Закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја<br>6. Закон за класифицирани информации</td></tr>
<tr><td>38</td><td>ЦУК</td><td>• Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите во новоформиран и единствен инспекторат од областа на одбраната, заштитата и безбедноста</td><td>• Издвојување на организациската единица за вршење надзор од самостоен орган на државна управа, чијашто главна функција е имплементација на политиките и законите и обезбедување на услуги, како и вршење стручни работи од областа<br>• Вработени 2 инспектори од 8 систематизирани<br>• Извршени 100 надзори во 2017 година, додека во првиот квартал од 2018 година извршени се вкупно 31 надзор.</td></tr>
<tr><td>39</td><td>МО<br>(оваа инспекциска служба е надвор од системот што го координира ИС)</td><td>• Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите во новоформиран и единствен инспекторат од областа на одбраната, заштитата и безбедноста</td><td>• Издвојување на организациската единица за вршење надзор од МО, чијашто главна функција е креирање и анализа на политики во областа<br>• Овој надзор не е дел од инспекцискиот систем координиран од ИС, па затоа нема достапни информации за бројот на вработени овластени лица и бројот на извршени контроли во текот на 2017 година и прв квартал за 2018 година<br>• Областите кои ги покриваат ДЗС и ЦУК, претходно биле дел од МО поради нивната сродност и поврзаност со системот за одбрана,</td></tr>
</table>

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | при што формирањето на еден инспекторат со повеќе организациски единици за вршење надзор преку кои ќе се покриваат сите овие области е природно и логично | |
| 40 | ДБКИ | • Пренос на надлежноста за вршење инспекциски надзор и инспекторите во новоформиран и единствен инспекторат од областа на одбраната, заштитата и безбедноста | • Издвојување на организациската единица за вршење надзор од самостоен орган на државна управа, чијашто главна функција е имплементација на политиките и законите и регулаторна функција (издавање сертификати), како и вршење стручни работи од областа<br>• Вработени 3 инспектори од 4 систематизирани<br>• Нема доставено податоци за вкупниот број на инспекциски надзори за 2017 година, додека во првиот квартал од 2018 година извршени се вкупно 18 надзори.<br>• Суштински аспект кај овој надзор е безбедносниот (класифицираните информации најчесто се значајни за безбедноста и одбраната на државата), кои аспекти се присутни и кај надзорот во областа на одбраната | |
| 41 | МВР | • Задржување на статус | • МВР врши инспекциски надзор според неколку закони во различни области, како што се: транспорт, безбедност на производи (возила), оружје и заштита од пушење.<br>• Во сите овие области, надзорот што го врши МВР е секундарен или комплементарен, бидејќи надзор врши и друга инспекциска служба<br>• Од таму во МВР нема посебна и класична инспекциска служба за да се примени начелото | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | за издвојување на организациска единица од рамките на МВР<br>• Во законите е направено јасно разграничување на аспектите кои секој од инспекциските служби ги покрива со надзорот, со исклучок на надзорот на хемиските оружја каде што е потребно разграничување или целосен пренос на оваа надлежност во новоформираниот инспекторат во областа на одбраната, безбедноста и заштитата. | |

**Независни регулаторни тела**

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 42 | ДЗЛП | • Задржување на статусот | • Иако не е класично регулаторно тело, сепак ДЗЛП е самостоен и независен државен орган кој одговара на Собранието<br>• Независната поставеност и надлежностите на ДЗЛП произлегуваат и од акти на меѓународни организации како што се ЕУ и Советот на Европа<br>• Инспекцискиот надзор на спроведувањето на Законот за заштита на лични податоци и прописите донесени врз основа на овој закон го врши ДЗЛП преку инспектори за заштита на личните податоци<br>• Согласно предложениот текст на новиот Закон за заштита на личните податоци, во кој се транспонира Регулативата на ЕУ за општата | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | рамка за заштита на лични податоци (GDPR), ДЗЛП ќе добие малку изменети надлежности, меѓу другото, и инспекцискиот надзор се заменува со супервизија<br>• Специфичноста на областа на надзор и пред се субјектите на надзор кои се јавен, приватен и невладин сектор не овозможува пренос на овој инспекциски надзор и инспектори кон друг постоечки инспекторат | |
| 43 | АЦВ | • Задржување на статусот | • Независно регулаторно тело, чија примарна функција е регулаторната во областа на воздухопловството<br>• АХВ има инспектори кои вршат инспекциски надзор на воздухопловите и на воздушниот сообраќај кој особено опфаќа надзор над условите за безбедно користење и правилно одржување на воздухопловот и способноста за безбеден воздушен сообраќај; градењето, одржувањето, поправката, обновата на воздухоплови, мотори, елиси, падобрани и опрема за воздухоплови; исправите, книгите и другите документи што мораат да бидат во воздухопловот; исполнувањето на пропишаните услови за економска солвентност на превозници и за безбедно вршење на воздушен превоз, на специјализирани услуги со воздухоплов, како и користење на воздухопловите за спортски, школски и за други цели.<br>• Поставеноста и надлежностите се детерминирани и со бројни меѓународни акти и | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | договори кои изискуваат висок степен на самостојност на овој орган и сеопфатност во дејствувањето, вклучително и вршење на контролно-надзорна функција. | |
| 44 | АЕК | • Задржување на статус<br>• На подолг рок пренос на надлежноста за вршење надзор над акредитираните издавачи на сертификати за е-потписи | • АЕК врши надзор согласно три закони и тоа:<br>1. Закон за електронски комуникации - надзор над оператори и други правни и физички лица кои вршат активности на обезбедување на електронски комуникации, како и на усогласеноста со условите утврдени за користење на радиофреквенции и за користење на броеви и/или серии на броеви.<br>2. Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис - АЕК како акредитациски орган на издавачите на сертификати врши и надзор над нив.<br>3. Закон за електронска трговија - надзор врз одредени технички аспекти од оваа област.<br>• Иако примарна функција на АЕК е регулаторната, сепак надзорните работи во областа на електронските комуникации се својствени за регулаторните тела во оваа област во речиси сите законодавства.<br>• Надзорот над издавачите на сертификати досега немал практична примена, а во иднина и да има примена нема да биде од голем обем. Воедно, надзорот на неакредитираните издавачи е во надлежност на друг орган (МИОА), па од таму може да се пренесе надлежноста на други | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | органи, штом во тие органи се креираат потребните капацитети. | |
| 45 | АП | • Задржување на статус | • Согласно Законот за поштенски услуги, АП е надлежна да врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки против давателите на поштенските услуги.<br>• Иако примарна функција на АП е регулаторната, сепак надзорните работи во областа на поштенските услуги се својствени за регулаторните тела во оваа област во речиси сите законодавства.<br>• На национално ниво не постои друго тело кое врши контролно-надзорна функцја во оваа или сродна област. | |
| 46 | АААМУ | • Задржување на статус | • Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши програмски, административен и стручен надзор.<br>• Иако примарна функција на АААВУ е регулаторната, сепак надзорните работи во областа аудиовизулените услуги се својствени за регулаторните тела во оваа област во речиси сите законодавства. | |
| 47 | НБРМ | • Задржување на статус<br>• На подолг рок пренос на надлежноста за вршење надзор над девизното работење, менувачкото работење, вршењето услуги на брз трансфер на пари од | • Согласно Законот за банките, НБРМ врши супервизија, консолидирана супервизија и надзор.<br>• Во сите современи системи, централните банки се независни институции и вршат супервизија на финансиските институции како што се банките, | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | НБРМ на инспекторатот од областа на финансиите | која се разликува од класичниот инспекциски надзор.<br>• Согласно Законот за НБРМ, врши и надзор над примената на прописите со кои се уредува девизното работење, менувачкото работење, вршењето услуги на брз трансфер на пари, системите за спречување на перење на пари и заштита на потрошувачите, кои области се покриени со инспекциски надзор и од ДДИ, што во пракса предизвикува преклопување | |
| 48 | АСО | • Задржување на статус | • Согласно Законот за супервизија на осигурувањето, АСО како независно регулаторно тело има надлежност да спроведува супервизија на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери, застапниците во осигурувањето и Националното биро за осигурување.<br>• Исто како и со супервизијата која НБРМ ја врши врз банките, таква улога има АСО врз осигурителните друштва, која се разликува од класичниот инспекциски надзор. | |
| 49 | МАПАС | • Задржување на статус | • Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигирување, МАПАС врши супервизија на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови со кои тие управуваат, а особено го контролира законитото работење на истите, како и супервизија на работењето на правните лица кои се чувари на | |

| # | Инспекциска служба | Предлог | Образложение | Закони потребни да се променат за реализација на предлогот |
|---|---|---|---|---|
| | | | средствата на задолжителните и/или доброволните пензиски фондови и на странските менаџери на средства на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд во врска со работењето со тие средства.<br>• Исто како и со супервизијата која ја вршат НБРМ и АСО, таква улога има и МАПАС врз приватните пензиски друштва, која се разликува од класичниот инспекциски надзор. | |
| 50 | КХВ | • Задржување на статус | • Согласно Законот за хартии од вредност, КХВ врши надзор над работата на берзата и на нејзините членки, како и врз издавачите на хартии од вредност кои се котирани на берзата<br>• Иако примарна функција КХВ е регулаторната, сепак надзорните работи во областа на берзанското работење се својствени за регулаторните тела во оваа област во речиси сите законодавства. | |
| 51 | РКЕ | • Задржување на статус | • Согласно Законот за енергетика, РКЕ е регулаторно тело кое го регулира и контролира начинот на вршење на енергетските дејности, која се разликува од класичниот инспекциски надзор кој е доделен на ДПИ и ДИТИ за одредени аспекти од работењето на енергетските субјекти. | |

# VIII. Сумиран табеларан и графички приказ на предлогот за оптимизација на инспекциски служби

## I. *Инспекциски служби за кои се предлага да го задржат статусот и/или да им се придодадат други сродни инспекциски служби*

| # | Инспекциска служба | Предлог |
|---|---|---|
| 1. | Државен инспекторат за животна средина | задржување на статус и придодавање на дел од областите на надзор на ДКИ |
| 2. | Државен инспекторат за земјоделство | задржување на статус и придодавање на областите шумарство и ловство од ДИШЛ |
| 3. | Државен инспекторат за транспорт | задржување на статус и придодавање на областите железнички транспорт, внатрешна пловидба и урбанизам и градежништво од УСЖС, КП, МТВ и ДИГУ |
| 4. | Државен инспекторат за труд | задржување на статус и придодавање на областите социјална и детска заштита од МТСП |
| 5. | Државен пазарен инспекторат | задржување на статус и придодавање на техничка инспекција од ДИТИ |
| 6. | Државен инспекторат за просвета | задржување на статус и придодавање на областа спорт од АМС |
| 7. | Државен санитарен и здравствен инспекторат | задржување на статус и придодавање на областите лекови и медицински средства, хемикалии и радијациона сигурност |
| 8. | Државен управен инспекторат | задржување на статус и придодавање на областите постапки за донесување на прописи на органи на локална самоуправа, архивско работење и информатички работи од ДИЛС, ДА и МИОА |
| 9. | Агенција за храна и ветеринарство | задржување на статус |
| 10. | Агенција за катастар на недвижности | задржување на статус |
| 11. | Министерство за внатрешни работи | задржување на статус |
| 12. | Управа за јавни приходи | задржување на статус |
| 13. | Царинска управа | задржување на статус |
| 14. | Народна банка на Република Македонија | задржување на статус |

## II. *Инспекциски служби за кои се предлага надлежноста за вршење надзор и инспекторите да се пренесат / придодадат во други инспекторати*

| #. | Инспекциска служба | Предлог |
|---|---|---|
| **1.** | Агенција за лекови и медицински средства | Пренос на надлежноста и инспекторите во ДСЗИ |
| **2.** | Агенција за млади и спорт | Пренос на надлежноста и инспекторите во ДИП |
| **3.** | Дирекција за радијациона сигурност | Пренос на надлежноста и инспекторите во ДСЗИ |
| **4.** | Државен архив на Република Македонија | Пренос на надлежноста и инспекторите во ДУИ |
| **5.** | Капетанија на пристаништа Охрид | Пренос на надлежноста и инспекторите во ДИТр |
| **6.** | Министерство за здравство | Пренос на надлежноста и инспекторите во ДСЗИ |
| **7.** | Министерство за труд и социјална политика | Пренос на надлежноста и инспекторите во ДИТ |
| 8. | Управа за сигурност во железничкиот сообраќај | Пренос на надлежноста и инспекторите во ДИТр |
| **9.** | Агенција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | Пренос на надлежноста во ДПИ |
| **10.** | Агенција за стоковни резерви | Пренос на надлежноста во ДПИ |
| **11.** | Биро за метрологија | Пренос на надлежноста во ДПИ |
| **12.** | Министерство за информатичко општество и администрација | Пренос на надлежноста во ДУИ |
| 13. | Министерство за транспорт и врски | Пренос на надлежноста во ДИТранспорт |
| **14.** | Фонд за здравствено осигурување | Пренос на надлежноста во ДСЗИ |

## III. *Инспекциски служби за кои се предлага укинување и пренос на надлежноста и инспекторите во (припојување кон) други инспекторати*

| Ред. Бр. | Инспекциска служба | Предлог |
|---|---|---|
| 1. | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам | укинување и пренос на надлежност и инспектори во ДИТр |
| 2. | Државен инспекторат за локална самоуправа | укинување и пренос на надлежност и инспектори во ДУИ |
| 3. | Државен инспекторат за техничка инспекција | укинување и пренос на надлежност и инспектори во ДПИ |
| 4. | Државен инспекторат за шумарство и ловство | укинување и и пренос на надлежност и инспектори во ДИЗ |
| 5. | Државен комунален инспекторат | укинување и пренос на надлежност и инспектори во други инспекторати (ДИЖС и ДСЗИ) и органи на општините |

## IV. *Инспекциски служби за кои се предлага пренос на надлежноста и инспекторите во новоформиран инспекторат*

| Ред. Бр. | Инспекциска служба | Предлог |
|---|---|---|
| 1. | Државен девизен инспекторат | пренос на надлежност и инспектори во во новоформиран инспекторат - Државен инспекторат за финансиски работи |
| 2. | Министерство за култура | Пренос на надлежноста и инспекторите во новоформиран инспекторат за култура |
| 3. | Управа за заштита на културно наследство | Пренос на надлежноста и инспекторите во новоформиран инспекторат за култура |
| 4. | Дирекција за безбедност на класифицирани информации | Пренос на надлежноста и инспекторите во новоформиран инспекторат во областа на одбраната, заштитата и безбедноста |
| 5. | Дирекција за заштита и спасување | Пренос на надлежноста и инспекторите во новоформиран инспекторат во областа на одбраната, заштитата и безбедноста |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Центар за управување со кризи | Пренос на надлежноста и инспекторите во новоформиран инспекторат во областа на одбраната, заштитата и безбедноста |
| 7. | Министерство за одбрана | Пренос на надлежноста и инспекторите во новоформиран инспекторат во областа на одбраната, заштитата и безбедноста |
| 8. | Министерство за финансии | пренос на надлежност и инспектори во во новоформиран инспекторат - Државен инспекторат за финансиски работи |
| 9. | Управа за наменско производство | Пренос на надлежноста и инспекторите во во новоформиран инспекторат во областа на одбраната, заштитата и безбедноста |

## *V. Графички приказ на предлогот за оптимизиција на инспекциски служби по ресорни министерства*

**Министерство за транспорт и врски**



**Министерство за труд и социјална политика**




**Министерство за образование и наука**




**Министерство за економија**



**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**







**Министерство за здравство**




**Министерство за информатичко општество и администрација**



**Министерство за култура**




**Министерство за животна средина и просторно планирање**




**Министерство за одбрана**



**Министерство за финансии**



**Државен инспекторат за транспорт, урбанизам и градежништво**

- патен транспорт
- железнички транспорт
- внатрешна пловидба
- урбанизам и градежништво

**Државен инспекторат за труд и социјално-детска заштита**

- работни односи
- безбедност и здравје при работа
- социјална заштита
- детска заштита

**Државен инспекторат за образование и спорт**

- Образование
- Спорт

**Државен пазарен инспекторат**

- пазар
- техничка инспекција

**Државен инспекторат за земјоделство**

земјоделство

- шумарство и ловство

**Агенција за храна и ветеринарство**

**Државен управен инспекторат**

- Управна инспекција
- Локална самоуправа
- Аривско работење
- Информатички работи

**Државен санитарен и здравствен инспекторат**

- санитарен и здравствен
- лекови и медицински средства
- хемикалии
- радијациона сигурност
- административно работење на здравствените установи

**Државен инспекторат за култура**

- култура

- заштита на културно наследство

**Државен инспекторат за животна средина**

- животна средина
- комунални работи - јавна чистота и зеленило

**Државен инспекторат за одбрана, заштита и безбедност**

- заштита и спасување
- управување со кризи
- одбрана
- наменско производство на оружје
- безбедност на класифицирани информации

**Државен инспекторат за финансиски работи**

- девизно работење
- финансиска инспекција во јавен сектор

## Прилог 1: Листа на сите општи и посебни закони од значење за поставеноста на инспекциските служби и вршењето на инспекцискиот надзор

**Општи закони**

1. Закон за организација и работа на органите на државната управа
2. Закон за општа управна постапка
3. Закон за прекршоци
4. Закон за инспекциски надзор

**Посебни закони**

1. Закон за државен пазарен инспекторат
2. Закон за техничката инспекција
3. Закон за инспекција на трудот
4. Закон за санитарен и здравствен инспекторат
5. Закон за државен инспекторат за земјоделство
6. Закон за шумарска и ловна инспекција
7. Закон за просветната инспекција
8. Закон за управната инспекција
9. Закон за државен инспекторат за локална самоуправа
10. Закон за девизната инспекција
11. Закон за финансиска инспекција
12. Закон за управата за јавни приходи
13. Закон за царинската управа
14. Закон за енергетика
15. Закон за задолжителна резерва на нафта и нафтени деривати
16. Закон за стоковните резерви
17. Закон за угостителската дејност
18. Закон за туристичката дејност
19. Закон за занаетчиство
20. Закон за трговија
21. Закон за трговија на зелени пазари
22. Закон за електронска трговија
23. Закон за заштита на потрошувачи
24. Закон за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити
25. Закон за правна заштита на услугите кои се заснoваат на, или опфаќаат условен пристап
26. Закон за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муниција

27. Закон за градежните производи
28. Закон за метрологија
29. Закон за контрола на предметите од скапоцени метали
30. Закон за автокампови
31. Закон за таксата за привремен престој
32. Закон за индустриската сопственост
33. Закон за производство и промет на вооружување и воена опрема
34. Закон за возила
35. Закон за надзор над пазарот
36. Закон за девизно работење
37. Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари
38. Закон за Народната Банка на Република Македонија
39. Закон за банките
40. Закон за супервизија на осигурувањето
41. Закон за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурувањето
42. Закон за хартии од вредност
43. Закон за даночна постапка
44. Царински Закон
45. Закон за работните односи
46. Закон за административните службеници
47. Закон за вработените во јавниот сектор
48. Закон за агенциите за привремени вработувања
49. Закон за вработување инвалидни лица
50. Закон за заштита од вознемирување на работно место
51. Закон за еднакви можности на жените и мажите
52. Закон за вработување и работа на странци
53. Закон за минимална плата во Република Македонија
54. Закон за безбедност и здравје при работа
55. Закон за социјалната заштита
56. Закон за заштита на децата
57. Закон за безбедност на производи
58. Закон за безбедност на козметички производи
59. Закон за безбедност на храна
60. Закон за безбедност на храната за животно
61. Закон за ветеринарно-медицински препарати
62. Закон за јавно здравје
63. Закон за ментално здравје
64. Закон за здравственото осигурување
65. Закон за безбедност во снабдувањето со крв
66. Закон за заштита на населението од заразни болести
67. Закон за заштита на правата на пациентите
68. Закон за земање и пресадување делови од човечкото тело заради лекување
69. Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување
70. Закон за прекинување на безбедност

71. Закон за евиденции во областа на здравството
72. Закон за здравствена заштита
73. Закон за медицинските студии и континуирано стручно усовршување на докторите по медицина
74. Закон за водите
75. Закон за водостопанство
76. Закон за ветеринарно здравство
77. Закон за идентификација и регистрација на животните
78. Закон за заштита и благосостојба на животните
79. Закон за нуспроизводи од животинско потекло
80. Закон за животна средина
81. Закон за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала
82. Закон за лековите и медицинските средства
83. Закон за хемикалии
84. Закон за прекурзори
85. Закон за контрола на опојни droги и психотропни супстанции
86. Закон за земјоделското земјиште
87. Закон за консолидација на земјоделско земјиште
88. Закон за вршење земјоделска дејност
89. Закон за земјоделство и рурален развој
90. Закон за основање агенција за финансиска поддршка во земјоделството
91. Закон за пасишта
92. Закон за производи за заштита на растенијата
93. Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија
94. Закон за безбедност и квалитет на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата
95. Закон за виното
96. Закон за здравјето на растенијата
97. Закон за сточарство
98. Закон за рибарство и аквакултура
99. Закон за селекционерски права
100. Закон за органско земјоделско производство
101. Закон за квалитетот на земјоделските производи
102. Закон за тутун и тутунски производи
103. Закон за шумите
104. Закон за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја
105. Закон за ловство
106. Закон за заштита на природата
107. Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори
108. Закон за управување со отпадот
109. Закон за управување со пакување и отпад од пакување
110. Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

111. Закон за минерални суровини
112. Закон за квалитетот на амбиентниот воздух
113. Закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност
114. Закон за заштита од бучава во животната средина
115. Закон за животната средина
116. Закон за јавна чистота
117. Закон за зеленило
118. Закон за комуналните дејности
119. Закон за домување
120. Закон за гробишта и погребални услуги
121. Закон за градење
122. Закон за просторно и урбанистичко планирање
123. Закон за катастар на недвижности
124. Закон за националната инфраструктура на просторните податоци
125. Закон за превоз во патниот сообраќај
126. Закон за јавните патишта
127. Закон за жичари и ски-лифтови
128. Закон за железничкиот систем
129. Закон за сигурност во железничкиот систем
130. Закон за интероперабилност во железничкиот систем
131. Закон за внатрешна пловидба
132. Закон за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај
133. Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај
134. Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини
135. Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај
136. Закон за воздухопловство
137. Закон за ученичкиот стандард
138. Закон за основно образование
139. Закон за средно образование
140. Закон за високо образование
141. Закон за отворени граѓански универзитети за доживотно учење
142. Закон за студентскиот стандард
143. Закон за стручно образование и обука
144. Закон за учебници за основно и средно образование
145. Закон за образование на возрасните
146. Закон за научно-истражувачката дејност
147. Закон за основање на национална агенција за европски образовни програми и мобилност
148. Закон за наставници во основното и средното образование
149. Закон за социјална заштита
150. Закон за педагошка служба
151. Закон за културата

152. Закон за употребата на македонскиот јазик
153. Закон за издавачката дејност
154. Закон за задолжителниот примерок
155. Закон за филмската дејност
156. Закон за авторското право и сродните права
157. Закон за аудиовизуелните добра
158. Закон за библиотеките
159. Закон за музеите
160. Закон за меморијалните споменици и спомен обележја
161. Закон за заштита на културното наследство
162. Закон за прогласување на старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење
163. Закон за прогласување на спомeничката целина на Крушево за културно наследство од особено значење
164. Закон за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење
165. Закон за прогласување на старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење
166. Закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење
167. Закон за спортот
168. Закон за спортска академија
169. Закон за архивски материјал
170. Закон за управната инспекција
171. Закон за користење на податоците од јавниот сектор
172. Закон за административните службеници
173. Закон за електронско управување
174. Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис
175. Закон за електронски комуникации
176. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
177. Закон за поштенски услуги
178. Закон за класифицирани информации
179. Закон за заштита на личните податоци
180. Закон за одбрана
181. Закон за управување со кризи
182. Закон за заштита и спасување
183. Закон за пожарникарството
184. Закон за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја
185. Закон за санитарна и здравствена инспекција
186. Закон за заштита од пушењето
187. Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност
188. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
189. Закон за генетски модифицирани организми

IDEAS DePo
IDEAS for Development Policies

IDEAS DePo
IDEAS for Development Policies

IDEAS DePo
IDEAS for Development Policies